20251232778

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јуни 2025 година.

Бр. 08-3389/1
12 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Член 1

Во Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија” број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 215/21), во член 13 во ставот 2 зборовите: „и врски” се бришат, а по зборовите: „надворешни работи” се додаваат зборовите: „и надворешна трговија”.

Член 2

Во член 18 во ставот 1 зборовите: „Управата за безбедност и контраразузнавање” се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за национална безбедност”.

Член 3

Во член 24 во ставот 2 по зборот „разузнавање,” се додаваат зборовите: „Агенцијата за национална безбедност,”.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Со Главниот штаб раководи лице од составот на Главниот штаб, кое го определува претседателот на Владата.”.

Член 4

Во член 26 став 4 точка 5) во воведната реченица зборовите: „не постар од пет години” се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или” се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или”.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- сертификат и/или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија – англиски, француски или германски на најмалку ниво Б2 (B2).”.

Член 5

Во член 27 во ставот 2 зборовите: „Управата за безбедност и контраразузнавање” се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за национална безбедност”.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.